# FAMILY AS A FACTOR IN CREATING ECOLOGICAL CULTURE OF STUDENTS IN PRIMARY EDUCATION

**Snezana Stavreva Veselinovska**
Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" –Stip, Macedonia
snezana.veselinovska@ugd.edu.mk
**Snezana Kirova**
Faculty of Philology, University „Goce Delchev"–Stip, Macedonia
snezana.kirova@ugd.edu.mk

**Abstract:** This paper aims to emphasize the influence and connection of social agents (family, school, environment, peers, mass media) and the creation of ecological culture in social behavior of children from primary schools, with a special emphasis on the influence of the family (completeness, parents' level of education and economic situation of the family). To discover the benefits of paying attention to nature, which start very early, to take action in order to strengthen children's relationships with nature while making education for nature sustainable and enriched and as a fully integrated part of everyday life and education of children. Among numerous educational factors influencing the development and upbringing of children, family has a primary and irreplaceable role. The family has the responsibility for proper upbringing of children and their preparation for life. Creating ecological culture of children depends on the completeness, that is, on the members of the family, or its incompleteness. Another important factor is the economic situation of the family, i.e. how financially powerful a family is to provide basic conditions for children's lives, for their growth and development in a clean environment. And the last but not an irrelevant factor the educational level of parents, that is, the connection of parents' education related to transferring information, knowledge and practice to their children for creating ecological culture.
**Keywords:** family, ecological culture, nature, ecological education.

# СЕМЕЈСТВОТО КАКО ГЛАВЕН ФАКТОР ВРЗ КРЕИРАЊЕТО ЕКОЛОШКА КУЛТУРА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Снежана Ставрева Веселиновска**
Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Македонија
snezana.veselinovska@ugd.edu.mk
**Снежана Кирова**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" –Штип, Македонијаа
snezana.kirova@ugd.edu.mk

**Резиме:** Овој труд има за цел да го истакне влијанието и поврзаноста на социјалните агенси (семејство, училиште, средина, врсници, мас медиуми ) и креирањето на еколошка култура врз социјалното однесување на децата од основните училишта, со посебен осврт на влијанието од семејството ( комплетност, образовно ниво на родителите и економска состојба на семејството ). Да се откријат придобивките од посветувањето внимание на природата кои започнуваат многу рано, да се превземат акции за зацврстување на детските врски со природата, правејќи го образованието за природата одржливо и збогатено и како целосно интегриран дел од секојдневниот живот и образование на децата. Меѓу многубројните воспитни фактори што влијаат во развојот и воспитувањето на децата, семејството има примарна и незаменлива улога. Семејството има одговорност за правилно воспитување и подготвување за оспособување за живот на децата. Семејството во креирањето еколошка култура на децата зависи и од комплетноста, односно членовите во семејството, неговата потполност или непотполност. Битен фактор исто така е и економската состојба на семејството, односно колку финансиски е моќно семејството за пружање основни услови за живот на децата за растење и развој во една чиста средина. И како последен, но не и небитен фактор - образовното ниво на родителите, односно поврзноста на образованието на родителите со пренесување на информации, знаења и пракса на децата за креирање еколошка култура.
**Клучни зборови:** семејството, еколошка култура, природа, еколошко образование.

## 1. ВОВЕД

***Воспитанието е во семејството, образованието во училиштата***

Природата е нашето најголемо природно богатство. Природата е она што не опкружува, она што ни дава живот, она што не учи колку е важна и го подобрува нашето живеење. Наша обврска е да ја зачуваме и штитиме, бидејќи чиста средина е здрава еколошка средина, чист воздух, вода, почва и здрав, долг и посреќен живот.

Учењето за природата се случува и спонтано и намерно при взаемно дејствување со природната средина. Затоа препорачливо е почесто излегување во природа, но секако и креирање на еколошка култура во однос на животната средина. Зачетоците неминовно ги поседува семејството кое е и креаторот на еколошката култура на децата. Па така, еколошкото однесување на децата е одлика на еколошката култура во семејството.

Образовните можности, активности, се битен сегмент за поврзување на децата со природата и здобивањето на знаења за неа. Тоа е е најдобриот начин да им се помогне на децата да научат за светот во кој живеат. Да им се даде можност на децата да научат да ја истражуваат природата, да се грижат за неа и да ја ценат. Престојувањето во природна средина овозможува на децата да станат свесни за нивното опкружување и да го развијат нивното чувство за место. Учениците треба да се изложени на елементите од природата и да имаат можност да развијат чувство за тоа што ги опкружува, да ја сфатат нејзината големина. Покрај теоретските предзнаења и знаења за природата неопходна е и практична примена на тие сознанија, да се почувствува самата природа и нејзините благодети. Затоа е потребно целосно да се поврзат со природната средина за да можат да се здобијат со разбирање за природниот свет колку што е можно повеќе низ образовните и рекреативните активности, да се зацврсти нивната интеракција со природниот свет и да се поповрзани со природниот свет околу нив. Постои загриженост и свесност дека децата имаат се помалку искуства кои ја вклучуваат и наједноставната интеракција со природата – растенијата, животните, и природата околу нив како дел од образовниот процес.

Во овој динамичен и модерен свет забележуваме дека децата живеат нездрав живот. Повеќето од нив детството го минуваат затворени во нивните домови, во училиштата и други места, средини создадени од човекот исклучени од надворешноста, придобивките од природата и се што постои во природната средина. Врската со природата полека исчезнува од детските животи. Доказот е насекаде околу нас: децата често го поминуваат своето време заробени од модерната технологија: пред телевизор, компјутер, на интернет или користат мобилни телефони. Животот на децата во семејството е се повеќе организиран со се помала нагласеност на слободното време поминато надвор. Особено во густо населените земји, урбаниот раст ги елиминира зелените површини и природната средина. Последиците на тоа се сѐ почесто деца со прекумерна тежина, се почести заболувања, намален вид и сл. Природната средина нуди поголеми можности за непречено физичко движење и на тој начин ја намалува можноста за прекумерна тежина. Затоа неопходно е креирање на свест и еколошка култура на децата, а како најзначајни креатори за тоа се семејството, наставниците и самите ученици.

## 2. ПРИДОБИВКИТЕ ОД ПРИРОДАТА ЗА ДЕЦАТА

Децата да го поминуваат почесто своето време надвор со врсниците или семејството, со што таквото опкружување ќе го подобри набљудувањето и откривањето и ќе ја потикне креативноста и фантазијата. Возрасните да создадат можност за подобрување на учењето за природата користејќи ја природата како извор за учењето и истражувањето. Децата да имаат можност секој ден да ја истражуваат земјата, водата и живиот свет во нивната околина. Токму преку овие природни искуства тие ќе развијат врска со природата и разбирање за светот и другите видови. Училишните и општествените проекти да вклучуваат активен и непосреден пристап кон природата и можност да развијат интегрирано природонаучно знаење. Престојувањето во природна средина ќе овозможи истражување и нови искуства кои создаваат значење, бидејќи и намерното учење и спонтаните активности ги градат набљудувачките вештини во надворешните простори кои се богати и потребни за да се искусат. Активностите за природното учење да бидат развојно погодни истакнувајќи дека на децата им требаат активности кои ќе ја подржуваат нивната природна врска со природата и ќе бидат директно достапни за нив. Без можност да ја искусат децата нема да развијат поврзаност со природата и нема да ја ценат. Децата не треба да се затрупуваат со негативни факти и грижи за планетата земја пред да имаат можност да го развијат сопственото чувство за место. Распоред богат со природа и проектни активности да ги поврзе образовните стандарди со животното искуство на децата и семејствата, нивната култура, нивната усна и пишана традиција, приказни и уметност и нивните заеднички искуства во процесот на растење. Заеднички свесен чекор на возрасните е да ги подржи децата во

соочувањето со предизвиците на надворешното учење. Децата да можат и насочено и слободно да истражуваат земајќи ја во предвид разумната безбедност и толеранцијата на неуредност. Заедницата и училишните раководители да го земат во предвид зачувувањето на природната средина во нивните проекти за развој на земјиштето и градењето згради. Центрите и училиштата да бидат прекрасни места кои спојуваат. Заедницата и директорите да изградат зелени училишта, одржливи кои ќе штедат енергија и ке обезбедуваат поздрава средина за учење како за децата така и за тие што работат со децата во тоа опкружување. Возрасните да се трудат да не дозволат привлечноста на технологијата да ја надмине привлечноста на природата. Досега невидените можности што ги нуди технологијата за изучување на природата треба да се користат за надополнување на реалните активности во природа.

Придобивки од природата за децата, возрасните и нивната заедница се големи, затоа е неоходна заштита за зачувување на природата. Таму каде по овие принципи се води планирањето и развојот и каде учењето за природата е дел од животот на детето има многу позитивни придобивки. Децата кои имаат позитивни и богати искуства во природниот свет имаат поголеми можности да станат подобро информирани возрасни потрошувачи и чувари на животната средина. Децата развиваат и негуваат разбирање за другите суштества. Поминувањето време во природа помага во намалувањето на стресот, подобра мисла и воопшто подобро место за живеење. Децата да развиваат храброст да се справат со предизвиците, проблемите, истражувањата и ризикот, да се охрабрат да изградат чуство за грижа за планетата земја и потреба да дејствуваат одговорно кон неа и да го пронајдат сопственото место во светот. Природното учење ни дава проширен поглед на естетиката: спојот на уметноста, музиката, историјата и литературата е можен кога природата и културата која ги опкружува децата е документиран и воден од нивното сопствено изразување. Повторното поврзување на децата со природниот свет е неопходно за нивното рано образование и развој. Тоа во себе ги содржи богатството на детската љубопитност, различноста на нивниот поглед на светот и нивното вистинско содејство со природата.

Семејството го воспитува детето, а училиштето го образува. Со образованието детето може да почне подоцна, но со воспитување не смее да се доцни, тоа почнува уште од најраната возраст. Родителите треба да се вистински пример од кој што децата ќе учат како се живее во согласност со вистинските животни вредности. Училиштата како генератори на знаењето преку оформување на кадарот во поглед на подигање на неговата стручност, компетенции, вештини и целокупниот материјален и духовен развој претставуваат институции во кои е многу важно да се направи квалитетна анализа на крајниот резултат на измерените знаења на учениците. Меѓутоа училишната средина е потребна и како место на кое децата подобро ке ја запознаат и научат природата, не само преку книга и со помош на вон училишни ученички активности, екскурзии, излети во природа кои ги организира училиштето.

Соработката помеѓу семејството и училиштето чија заедничка цел е создавање сестрано развиена личност на младите генерации, од особено значење е да се согледаат причините за однесувањето во семејството и училиштата, воспитната функција и образовната, кои би требало да имаат ист третман. На планот на реализирањето на функцијата на наставникот - воспитувачот корисно е да се анализираат: стручната и педагошко - методската и дидактичка оспособеност на наставникот, нивното сопствено усовршување и самообразование.
Семејството е *заедница* од родители и потомци.

- Семејни прилики: комплетност на семејството, економска состојба и образовно ниво на родителите.
- Еколошка култура е дел од општата култура која ги детерминира односите на човекот/општеството према животната средина сфатена како вкупност на природните и општествени елементи.

### 3. СЕМЕЈСТВОТО КАКО ПРИМАРЕН СЕГМЕНТ СЕГМЕНТ ВО КРЕИРАЊЕТО НА ЕКОЛОШКАТА КУЛТУРА НА ДЕЦАТА

Агенсите на социјализацијата, особено примарниот агенс - семејството, се битен сегмент во креирањето на еколошката култура на децата. Зависно од посветеноста на креаторите на социјалното однесување на децата и креирањето еколошка свест и култура и секако од самите деца. Како битни фактори се комплетноста на семејството, економската состојба и образовното ниво на родителите. Семејните прилики се директен показател во обезбедување на успешноста или неуспешноста во креирањето еколошка култура на децата. Децата ги усвојуваат облиците на однесување во околината првично од семејството. Семејството најуспешно го пренесува културното и општествено- историско искуство на поколенијата. Потребно е одговорност и активно учество на родителите во креирањето на еколошката култура на децата уште во најрана возраст, а наставниците пак го надополнуваат стручното знаење на децата. Преку воспитанието и образованието се овозможуваат лични и заеднички дострели кои водат до осмислување и усовршување на животот воопшто. Стекнувајки сеопфатни знаења, се оправдува и постоењето,

формирањето нови вредности и еколошка култура кои ги допринесува образованието. Образованието како најсилно орудие ги покажува патиштата на прогресот, како правилно и подобро да се живее, да се зацврсти разумот и моралната и културна свест. Воспитната компонента што во себе ја содржи социјалното однесување поврзано со агенсите на социјализацијата овозможува децата да се изградат во здрави, комплетни личности со морал и еколошка култура за светот кој не опкружува.

Агенси пренесувачи на културните модели:

- Семејство ( примарна група: посебно значајна во детството )
- Училиште ( секундарна група; значајна во периодот на адолесценција )
- Врсници ( терцијална група; значајни во периодот на адолесценција )
- Мас – медиум ( ТВ, филмска индустрија, новини, интернет )
- Работна организација (култура за себе, социјализација на возрасните ).

Семејството е примарен агенс на социјализацијата кој започнува во најраниот период од животот на децата во кој се усвојуваат моделите на однесување. Семејството е најзначајниот фактор на социјализацијата. Во семејството децата ги стекнуваат моралните норми и вредности, учејќи, имитирајќи и копирајќи ги родителите. Родителите треба да обезбедат материјални услови за егзистенција и здрава и правилна социјализација на детето.

Училиштата, односно образовните институции како секундарни агенси на социјализацијата ги образуваат децата, стекнуваат нови знаења, вештини, работни навики и квалитети, формираат позитивни морални особини и вредности.

Други агенси на социјализацијата се врсниците. Во овие групи децата најчесто го поминуваат слободното време притоа стекнувајќи вредности и норми од групата врсници. Средствата за масовна комуникација вршат силно влијание во формирање на личноста, преку информирања од: телевизија, филм, радио, интернет, печат, мобилни телефони и друго. Меѓутоа мас медиумите може и негативно да делуваат на детската свест нудејќи содржини со неморални и асоцијални однесувања како што се: насилство, криминал и слично. Религијата (цркви) како агенс во процесот на социјализацијата влијае позитивно врз градењето на високи морални и етички вредности на децата. Културни институции како што се: театри, музеи, спортски групи и други. Соседство како регулатор за однесувањето на децата и дружење. Резултатот од целокупната социјализација со помош на агенсите на социјализација за детето е адаптација во општеството.

Во трудот од агенсите на социјализација посебен осврт ќе се посвети на поврзаноста на семејството како главен фактор и креирањето еколошка култура врз социјалното однесување на учениците од основното образование.

Средината во која живееме игра голема и значајна улога во нашето секојдневие, во нашиот животен правец на размислување, делување, живеење. Средината е онаа која што не насочува како секојдневно да се однесуваме, како да се социјализираме. Често се случува средината која не опкружува позитивно да влијае на нас како пример и насока како да постапуваме, но исто така и негативно. Тоа негативно влијание потребно е да се воочи, оттргне, да се отстрани. За тоа како да препознаеме и позитивно да се социјализираме потребни се секако позитивни примери од позитивната средина.

Моќта во креирањето на еколошката култура на децата е во семејството. Семејството, како главен креатор, двигател и реализатор на децата има најголемо влијание во подигањето и креирањето на еколошка култура, свест и морал. Родителите се потврдуваат како воспитувачи на своите деца, а семејството како воспитна средина каде се креира еколошката култура на децата. Родителите и другите членови од семејството можат и треба да го научат своето дете како да се однесува еколошки. Искористувајќи го овој потенцијал родителите на креативен и иновативен начин го пренесуваат своето искуство и знаење на децата. Така од сопствените деца градат идни граѓани кои свесно, совесно и одговорно ќе застанат пред предизвиците кои често му се закануваат на современото општество и ќе се соочат. Родителите не треба да заборават дека тие со своето еколошко однесување се пример за детето. Ако погледнеме, на пример, како едно дете се однесува кон животната средина ќе знаеме какви се однесувањата и еколошката култура на неговите родители и како тие се однесуваат дома. Детето ги усвојува и гради ставовите, системот на вредности, облици на однесување на еколошката култура најпрвин во семејството. Семејството во когнитивната сфера на еколошката свест влијае на информираноста на децата во однос на еколошката култура и нејзината вредност, ставови, компетенции према активностите на природниот простор. Без адекватно пренесување на еколошка култура од семејството во изградба на еколошки навики на децата нема да постојат потенцијални односи и мотивации за усвојување на знаења за еколошката култура во секојдневното социјално однесување на децата. Во семејството се темели еколошката ориентација на детето

ученик во основното училиште кои оставаат долготраен белег. Семејството каде што децата учат спонтано, постапувајќи во однос на развој на еколошките вредности делуваат позитивно. Формирање на чувство на одговорност кон животната средина започнува во детството. Ако децата немаат модели во семејството и примери за правилно однесување, тоа не може да се компензира со поуки и морализирање. Семејството има доминантна позиција од факторите на оспособување во заштита и унапредување на животната средина. Семејството е примарниот агенс на социјализација на детето каде ги стекнува своите први навики и сознанија за смислата и постоењето на еколошка култура.

Постои значајна разлика во структурата на семејството од кое потекнува детето, погледите на перципирање на загрозеноста на животната средина, еколошката информираност и спремност за активност. Социјалното потекло, статусот на семејството е значаен фактор во стекнувањето на еколошка култура на децата и односот према животната средина. Децата од семејства со повисок статус се поинформирани за разлика од децата со понизок семеен статус. Значајна разлика постои и во степеност на информираност на ученикот за еколошките проблеми од степен на образовно ниво на родителите. Материјалната состојба на семејството исто така е битен фактор за креирањето на еколошка култура врз социјалното однесување на децата ученици од основните училишта. Мошне значајна улога во процесот на креирањето еколошка култура на децата има и стилот на воспитување на родителите. Семејниот стил на воспитување и креирањето еколошка култура на децата од страна на родителите може да биде: автократски каде сите важни одлуки ги донесуваат родителите, без согласност и учество на децата, демократски каде заедничките одлуки на родителите се во договор со децата и анархиски кога родителите им препуштаат на децата сами да одлучуваат.

Значаен фактор како семејството влијае врз еколошката култура на децата од основното образование во однос на животната средина е и образовното ниво на родителите. Зависно од образовното ниво на родителите е и информираноста на децата и креирањето на нивната еколошка култура. Родителите кои се стекнале со повисоко образование се мошне по информирани и имаат широк спектар на знаења и пренесување на еколошка култура на децата. Завршеното основно образование не е само во здобиеното минимум знаење, туку во тоа што при одењето на училиште се изградува личноста, навиките за дисциплина, обврски, точност. Родителите со повисоко образование поседуваат лингвистичка компетентност, поповолно влијаат врз развојот и креирањето еколошка култура на своите деца, насочувајќи ги и поттикнувајќи ги да учат и да се образуваат. Родителите треба да научат некои вештини и техники со кои ќе го поттикнат еколошкото позитивно однесување на децата. Мајката за детето е личност од која детето учи како да се однесува кон средината. На мајката и е доверена задачата да го всади чувството на заедница. Грешките во воспитувањето можат да вродат со тешки последици. Потребно е да се напомене дека постои тенденција на пораст на мајките со високо образование, што претспоставува основа за подобро еколошко воспитание на децата. Најголеми шанси за еколошка некултура имаат децата чии мајки се со ниско образование, зашто се претпоставува дека тие поседуваат најмалку знаење и најслаби способности за пренесување на знаења и информации во креирањето еколошка култура на сопственото дете. Треба да се истакне дека индексот на образование на родителите е значаен кога се разгледуваат културните потреби на одредените категории на семејства. Во семејства каде родителите се со низок степен на образование или немаат никакво образование, тие немаат речиси никаква професија, невработени се или немаат постојано и сигурно вработување, а со тоа и многу ниска еколошка култура. Тоа во исто време значи и дека имаат низок социјален статус во општеството и немаат доволно финансиски средства за егзистенција. Ниското образовно ниво на родителите создава проблеми во социјализацијата и воспитувањето на младото поколение. Најчесто овие родители не се доволно информирани, несигурни се во вредностите кои треба да ги пренесат на своите деца и настојуваат да ги задржат старите сфаќања за животот, како и вредностите кои веќе не одговараат на современите процеси во општеството. Поврзаноста помеѓу нивото на образование на мајката и еколошката култура на децата, односно образовното ниво на мајката во голем број од случаите влијае на еколошката култура на детето. Дел од причините за оваа појава е тоа што мајките со различно образовно ниво имаат различни воспитни стилови. Мајките кои имаат повисоко образование, се претпоставува дека имаат и повеќе познавања за животната средина. Пообразованите родители заработуваат и повеќе пари, кои, пак, им овозможуваат поголеми можности за висококвалитетна грижа за децата.

Оттука се истакнува и многу битен фактор за влијанието на семејството врз креирањето еколошка култура на децата од основното образование во однос на животната средина, а тоа е економската состојба на семејството. Економската безбедност им нуди можност на родителите да посветат енергија, време и внимание во процесот на воспитување. Социоекономскиот статус на семејствата на учениците е фактор кој игра значајна улога во процесот на формирање на личноста на детето, притоа одредувајќи го начинот на

неговото еколошко однесување. Нискиот социјален статус повлекува потешки и помалку поволни услови за живот и со тоа остварува влијание врз развојот и еколошкото однесувањето на децата во негативна насока. Социјалниот статус различно влијае врз формирањето на вредносните ориентации кај децата, а така формираните вредносни ориентации, директно го одредуваат начинот на еколошкото однесување, во дозволен или недозволен правец. Во услови на економска криза во општеството доаѓа до несигурност и економска криза и во семејството, односно до невработеност и сиромаштија. Како последици на сиромаштија се необразованост на родителите, невработеност, недоволно финансиски средства, немање соодветни услови за живот, одење на одмор во тек на годината (минимум еднаш) како индикатор на материјално лишување и сл., што се одразува врз целокупниот статус на семејството во општеството. Децата кои растат во семејства каде што економската состојба е поволна, покажуваат поголема еколошка култура. Децата во подобри семејни услови повеќе се ангажираат во заштитата и зачувувањето на животната средина. Полесно ги стекнуваат навиките за почиста животна средина. Достапни им се повеќе информации за животната средина преку користење интернет, телевизија, радио, литература, мобилни телефони. Поседувајќи сопствено катче во домот стекнуваат навика за грижа и хигиена во сопствениот простор, што понатаму се однесува и во однос на животната средина.

Семејството е двигател на детската еколошка социјализација, креирање еколошки знаења и култура и еколошко однесување. Однесувањето на децата во животната средина не зависи само од развојот на нивната когнитивна, вредносна, афективна и конативна компонента, туку и од ситуационите околности, како и од самата општествена средина на која тие припаѓаат. Затоа, во насока на издигнување на еколошката свест и култура на децата потребно е да се идентификува кои фактори од социјалната средина го стимулираат, а кои го инхибираат нивното позитивно однесување.

Семејството ги претставува првите чекори во еколошкото едуцирање и развивањето еколошка култура на децата. Во овој период детето ги усвојува и прифаќа сите врсти на информации и основните знаења за зачувувањето на животната средина. Семејствата и начинот на креирање еколошката култура на децата се бројни и различни и тие зависат од карактеристиките на поширока општествена и културна заедница во која детето ќе порасне, како и капацитетот и подготвеноста на родителите.

Детството е важен период кога родителите на децата потребно е да им создадат работни навики и обврски, кои перципирајки лесно ги прифакаат и длабоко ги врежуваат во свеста кои траат за цел живот. Детскиот развој е од клучно значење за успехот во подоцнежниот живот. Токму во детството се темели понатамошен развој и затоа голема е важноста на семејното воспитание и образование за целокупниот развој на децата.

Родителите без разлика што се разликуваат во способноста потребно е да го согледаат проблемот, соработката и мотивацијата на децата. Тие имаат само продолжување на влијанието врз животот на детето, како законска, морална и општествена одговорност за детето. Затоа, меѓу факторите на еколошко воспитание и образование кои припаѓаат на сферата на неформалното и информалното образование најголемо влијание има семејството односно семејството во кое се креира свест и култура за еколошките вредности и каде во секојдневните активности се вклучени во грижата за непосредната ( природна и општествена ) животната средина.

Еколошка едукација за заштита и зачувување и унапредување на животната средина прво почнува во семејството, што претставува најтрајна форма на микро - животната средина и на тој начин има видно место во индивидуален развој на децата. Потребно е да овозможи редефинирање на детскиот однос према природата и промена на неговото еколошко однесување. Природата е извор на живот кој мора да се сочува и е потребно почитување на природните законитости. Детето се адаптира преку знаење, бидејќи образованието го оспособува да сопственото однесување го прилагоди со потребите на квалитетен живот. За семејството да одговори на воспитно-образовните барања во областа на заштита на природата потребно е знење за основните проблеми за чување и заштита на животната средина и правилен однос кон природата. Преку семејното воспитание се развива и гради еколошката свест, се прифаќаат стандардите на однесување кои се во функција на заштита на животната средина. Основниот метод на работа во семејството е примерот на родителите, децата спонтано го учат и го преземаат преку интензивно доживување и директна акција и искуство.

Свеста од потребата за заштита на природата е неопходна токму во услови на современо научната - технолошка револуција, брзото темпо на индустијализација и урбанизација, влијанието на човекот на природата во негативна смисла, добива во глобални размери најтешка криза на човековата околина. Затоа е потрена заштита на природата (вода, земја, воздух, храна) и креирање етички норми кои нема да дозволат идните генерации природната средина да ја остават во лоша состојба.

Секое општество тежнее да има здрав подмладок, здрава вода, воздух, храна, чисти реки, чисти населби и друго. Една од клучните вредности е здрав живот условен од еколошката околина, здрава и чиста средина е и општествена вредност. Стекнатите знаења и усвоените еколошки навики се вредноста на децата само доколку тие имаат јасни и позитивни ставови во животната средина и доколку тие ставови и во состојба да покренат мотиви за еколошка активност. Тоа значи да еколошкиот вредносен систем го определува односот на децата према животната средина. Заштитата и чувањето на еколошките вредности и рационално користење на природните извори е морална човекова потреба и секојдневна реалност.

Во подигање еколошка свест на децата приоритет е градење чувство на обврска за животната средина и општеството во целина. Децата мора да ја осознаат и доживеат животната средина само преку остварен контакт, покрај апстрактните знаења стекнати од учебниците.

Сликата можеби вреди илјада зборови, но за едно второоделенче кое држело во своето раче црвче дури и зборот " црвец", има поголемо значење отколку илјада слики или видеа на било кој дискавери канал. (Монк, 2007).

Ако детето не искуси некоја неконтролирана социјална активност тоа никогаш нема да може да се справи со морето граѓански обврски. Ако немаат можност да копаат во земјата, да ги откријат пајаците, бубачките, птиците и растенијата што ги населуваат дури и најмалите игралишта, се помала ќе биде веројатност дека како возрасни ќе ја истражуваат, почитуваат и заштитуваат природата. (Монк, 2005)

Заштита и унапредувањето на животната средина е обврска на сите како и еколошкото воспитание и образование кое е составен дел од еколошката свест и култура на живеење.

Детската еколошка култура е производ на родителската демонстрација на вештините. Децата ги учат вештините на еколошка култура од своите родители. Без примерот на родителите, на децата им недостасува најдобриот извор од кого можат да учат. Секој миг поминат со децата за родителите е можност да демонстрираат еколошка култура. Родителите кои ја применуваат еколошката култура со своите деца, одгледуваат деца кои се општествено подобро приспособени, остваруваат повисоко ниво на еколошка свест.

Од особено значење е како семејството се однесува према секојдневната деградација на животната средина во областа на домувањето, каков интерес предизвикува кај своите членови, кои мотиви во нив ги буди – еколошки позитивни или негативни. Предуслов за остварување на позитивно влијание врз семејствата на еколошката култура на децата е дека возрасните членови имаат јасна идеја за важноста од здрава животна средина за квалитетот на животот. Од изградените критериуми на родителите за прави еколошки вредности ќе зависи и развојот на детето во оваа насока.

Семејството е значаен потенцијал за креирање ставови према заштита на животната средина. Во семејството се осигурува физичкиот опстанок на детето, а како еколошка функција за сигурност во семејството е грижата и заштитата на животната средина. Во семејството се креираат и основните детски особини, а односот на децата према животната средина е исто така во еколошката функција на семејството. Така преку семејното воспитание се пренесуваат различни системи на вредности за креирање на еколошка свест и култура на децата. Преку емоционално доживување на еколошките вредности (свеж воздух, зелена трева, чиста река) се влијае во креирање ставови на децата према тие вредности. Позитивната еколошка ориентација особено се нагласува преку интензивно доживување во природата и директни искуства од најрана возраст. Развојот на позитивно влијание за еколошките вредности на децата во семејството е личен пример од родителите кои децата спонтано го учат и остава траен белег. Како предуслов за остварување на позитивно влијание во семејството за еколошка свест на децата е родителите да имаат јасна слика за значењето на чиста и здрава животна средина и информираност за опасноста од загадувањето по здравјето. За остварување е потребно семејно воспитание кохерентно со морални и естетски навики за подигање на еколошката свест и култура на децата. Родителите се извор на морална идентификација во моралното воспитание на децата и во еколошкото однесување преку естетското уредување (стан, двор, околина).

Во согледувањето на вистинското влијание на семејството во креирањето еколошка свест и култура на децата потребно е да се идентификува процесот на позитивни и негативни вредносни системи на семејството и влијанието на децата од аспект на заштита на животната средина. Семејството помалку влијае во знаењата од областа на животната средина, тоа влијае на односот на детето према животната средина и нејзините вредности, ставови. Повеќе родители не се доволно подготвени за правилен еколошки став во воспитанието на децата и односот према животната средина. Како резултат на низа нееколошки околности во кои родителите живеат, недоволното еколошко знаење и еколошка култура на самите родители. Во таквите семејства постои еколошка некултура изразена во однесувањето, ставовите, мислењата, кои се инкопатибилни од основните еколошки вредности.

Во креирањето еколошка култура како битен сегмент е целовитоста на семејството. Кога детето живее во комплетно потполно семејство кога се присутни двајцата родители креирањето еколошката култура на децата е многу полесно, одколку во непотполните семејства каде поради смрт или развод еден од родителите недостасува. Живееењето во еднородителски семејства е тешко како за родителот така и за децата. Еден родител како воспитувач на своето дете е во многу потешка улога, отколку присуството и на двајцата родители.

Повеќето родители и немаат еколошка култура ниту стекнати еколошки знаења со што и неможат да им пренесат знења на своите деца, бидејќи и самите не ги поседуваат. Мала е веројатноста кај децата да се појави некаков облик на неприфатливо еколошко однесување, ако родителите покажуваат интерес и се посветени на неговиот развој во однос на еколошката култура. Искуствата покажуваат дека децата на презафатените родители повеќе покажуваат индикации и симптоми кои водат кон неприфатливо еколошко однесување, отколку децата чии родители најчесто имаат време за него. Семејството и воспитната еколошка запуштеност, запоставувањето на децата од страна на родителите и од другите членови создава услови детето да прерасне во личност склона на реакции неприфатливи за околината. Еколошкото некултурно однесување кај децата се манифестира преку некои облици на неприфатливо асоцијално однесување со нанесување на штета. Кога се зборува за фактори кои можат да предизвикаат еколошка некултура кај децата, потребно е да се знае дека се работи за многубројни и комплексни меѓусебно испреплетени феномени. Проблеми кои се јавуваат во современото семејство што најчесто влијаат врз еколошкото однесување на децата се вбројуваат: разводот на родителите, економските услови во семејството (сиромаштијата, невработеноста, станбените услови), образовното ниво на родителите (професијата на родителите), комуникацијата родители – деца и сл.

Условите за живот во едно семејство и можноста за креирање еколошка култура на децата може да бидат различни, поволни или неповолни. Како мерило за поврзаноста на семејството и креирањето еколошка култура на децата се истакнуваат следниве индекси: комплетност на семејството, ( број на деца, родители, големина и густина на членовите во домот ), материјална состојба во семејството ( вработеност на родителите, станбени услови ), образовно ниво на родителите. Непотполните семејства, лошите економски услови, ниското образовно ниво на родителите не се само ризичен фактор за развој на децата, туку негативно влијаат и врз родителите. Во такви неповолни услови родителите го одвлекуваат вниманието од детето и нивниот живот што предизвикува знаци на депресија кај родителите.

Едукацијата на еколошка култура треба да се насочи подеднакво и на децата и на родителите. Родителот има единствена и најголема можност да влијае на своето дете. Вештините се стекнати, а не вродени. Родителските совети во разбирањето и обработувањето се придвижувачка сила која стои зад конечната способност на детето да ја покаже еколошката култура. Детската еколошка култура е производ на родителската демонстрација на вештините. Децата ги учат вештините на еколошка култура од своите родители. Без примерот на родителите, на децата им недостасува најдобриот извор од кого можат да учат. Секој миг поминат со децата за родителите е можност да демонстрираат еколошка култура. Ако родителот крши, тоа ке го прави и детето. Ако родителот чисти, средува тоа ке научи како да се грижи за околината. Родителите кои ја применуваат еколошката култура со своите деца, одгледуваат деца кои се општествено подобро приспособени, остваруваат повисоко ниво на еколошка свест. Децата не можат да размислуваат на некој софистициран начин, но нивниот ум ги впива искуствата како сунгер. Детето се обликува секој ден преку учење. Резултатите од напорите се долгорочни. Децата ке пораснат во луѓе кои ќе знаат како да ги подобрат своите односи кон средината и да управуваат со својата околина. Напредокот доага од изборот најефикасни реакции, наместо најлесните и најдостапните. Еколошката култура нуди прекрасна можност да се изгради нова перспектива важна во животот.

Родител, претставува еден од најмоќните модели на учење на детето. Сите родители се модели за своите деца, секој контакт и интеракција со детето дава можност да се покаже на детето да научи вештини. Децата потребно е да почнат да учат за сопствена одговорност. Постојано зборувајќи им на децата она што тие треба да го направат не помага во развојот на нивната самодоверба, независност и одговорност. Родителот секогаш треба да биде подготвен да биде дел од проблемот на детето. Семејството е првата работилница каде детето треба да научи и да ја развие еколошката култура. За здрава и чиста околина на децата им е потребна способност да ја заштитуваат, да се грижат за неа ,а тоа најпрво го учат од нивните родители, а тој факт значи дека родителите на истите тие вештини треба да се одгледува во прв план. Доверба, капацитет да се развијат здрави врски со луѓето во нивната животна средина, концентрација и упорност да се истрае во тешките задачи, способност за јасно да покаже чувства, способноста да се фокусира вниманието и вештини за решавање на проблемите. Родителите се најважниот модел за своето

дете, зошто еколошката култура за детето значи и чиста средина. Првите воспитувачи на децата се семејството односно родителите, бидејќи претставуваат незаменлива воспитна алатка. Важноста и улогата на семејството во воспитанието и креирањето еколошка култура на децата произлегува од природните односи што владеат во семејството. Јачината на семејното воспитание е во фактот дека е прво кое го добива и е фундаментално а по него се креираат останатите, поради што е битно да е правилно. Односите меѓу членовите на семејството, според Рот, Н. (1983: 49), се карактеризираат со посебни карактеристики, како што се: пообемни, посложени, детални, долготрајни и разновидни интеракции; посеопфатни, посложени, поинтензивни и подлабоки емотивна врски и односи, интимни односи кои се со добра волја, доверба и слободно изразување на чувствата и мислите, како и непречена манифестација на личноста. Детството е важен период кога родителите потребно е да им создадат работни навики и обврски кое перципирајќи лесно ги прифака и длабоко се врежуваат во свеста и трае цел живот, се разбира во различни последователни измени. Детскиот развој е од клучно значење за успехот во подоцнежниот живот. Токму во детството се темели понатамошен развој и затоа голема е важноста на семејното воспитание и образование за целокупниот развој на децата. Семејството и начинот на креирање на еколошката култура на децата се бројни и различни и тие зависат од карактеристиките на поширока општествена и културна заедница во која детето ќе порасне, како и капацитетот и подготвеноста на родителите.

Од особено значење е како семејството се однесува према секојдневната деградација на животната средина во областа на домувањето, каков интерес предизвикува кај своите членови, кои мотиви во нив ги буди - еколошки, позитивни или негативни. Предуслов за остварување на позитивно влијание врз семејствата на еколошката култура на децата е дека возрасните членови имаат јасна идеја за важноста од здрава животна средина за квалитетот на животот. Од изградените критериуми на родителите за прави еколошки вредности ќе зависи и развојот на детето во оваа насока. За Каменов, Е. (2004: 105): "на тој начин кај децата се буди и чувство на лична одговорност за оваа планета, како и потребата за таа и подобро да се запознае, вредностите кои постојат да се чуваат и множат бидејќи тие претставуваат наследство, но и иднината на човештвото." Родителите секојдневно се соочуваат со еколошки проблеми и затоа е корисно активностите правилно да се насочат не само за заштита на личниот интегритет, но и на сите услови за животот на Земјата. Семејството, како најхомогена социјална средина која припаѓа подеднакво на сите негови членови, е во состојба преку емоционално искуство на голем број еколошките вредности влијае на верувањата и ставовите на своите членови кон овие вредности, особено на децата кои по традицијата на постарите членови на семејството, релативно лесно ги усвојуваат еко вредностите и стануваат интегрален дел од нивното секојдневно однесување (Keranović, 2005: 53). Семејството е место Burley (L.Barley, 1982), во кое родителите можат да посредуваат на своите деца значајни односи со природата, но, исто така е рамката во која тие можат од своите деца, кои се здобиваат со еколошки сознанија во формалните и неформалните образовни институции, да примаат импулси за реконструирање на односот кон природата (со Andevski, 1997: 77). Затоа, без оглед што е на водечката улога на родителите во ова, образовната дејност е заедничка активност на возрасните и децата кои во тој процесот соработуваат и учествуваат. Се разбира, природата на овие влијанија и активности повеќе е од воспитен одколку образовен карактер, но е многу важно за натамошно дополнување и иновирање на институционалното образование. Затоа, односите семејство-родители- училиште, кои најчесто се сведени на официјални односи, а и со самото тоа не даваат соодветни резултати треба да се подигне на повисоко ниво интеракциските односи, и да се доведе во ситуација родителите да учествуваат во организирање и уредување на училиштата и во поддршката на еколошки континуирано образование на децата. Семејното еколошко воспитание и институционалното еколошко воспитание и образование за заштита и унапредување на животната средина се две страни на еден општествен процес, стекнување и усвојување еколошки знаења и воспитание како фактор за развој и унапредување на еколошката свест, кој не се јавува спонтано, само по себе, веќе во процес на комуникација во процесот на воспитание и образование. Со поврзување на семејството и училиштето се обезбедува трајност и одржливост на воспитно образовните влијание врз поединецот. Затоа, соработката помеѓу семејството и училиштето во областа на развој на еколошката свест бара реципрочна интеракција на родителите и наставниците, координација на активностите, позитивни ставови во двата правци, како и обезбедување комплементарност во улогите и распределба на улогите каде родителот и наставникот имаат контрола врз нивниот домен на активност. Ангажираноста на семејството во креирање еколошка култура врз социјалното однесување на децата како фактори се подразбираат: постоење испланирани дневни активности, обезбеденост на литература за запознавање и однесување кон природата, чести прошетки во природа. Родителите се тие кои треба да го воспитуваат детето, а училиштето да го образува. Со образованието детето може да почне подоцна, но со воспитување не смее да се доцни, тоа почнува уште од

најраната возраст. Родителите треба да се вистински пример од кој што децата ќе учат како се живее во согласност со вистинските животни вредности. Училишната средина е потребна и како место на кое децата подобро ке ја запознаат и научат природата, не само преку книга туку и со помош на екскурзии во природа кои ги организира училиштето. Еколошкото образование може да се постигне и преку факторите кои немаат институционален карактер: литература, печат, тв, филм, радио, интернет, детски организации, паркови, музеи, еколошки кампањи, акции... но, влијанието на овие фактори Јовановић, Б. (2009: 99 ) не може да обезбеди знаења, вештини, уверувања, спремност за практично еколошко однесување како што може да се постигне во процесот на целисходност, организираност, плански и системски воспитно-образовна работа во училиштето. Бројни разноврсни фактори на еколошко воспитание и образование може да се класифицираат и анализираат со оглед на припадност во сферата на формално, неформално и информално (спонтано, природно) образование и без разлика што на училиштето се смета за важен фактор, не се намалува важноста и значењето и на останатите, за развојот на еколошката култура на децата. Од особено значење е да се нагласи важноста на семејството (родителите) и семејните прилики (целовитост, материјални услови, образовно ниво на родителите), како и носителите на воспитно-образовниот процес - наставниците, педагозите за квалитетот на формирање на позитивен став на учениците за заштита и унапредување на животната средина, пред се во контекст формирање на еколошка свест и креирање еколошка култура врз социјалното однесување на децата од училишната средина.

**ЗАКЛУЧОК**

Агенсите на социјализацијата се битен сегмент во креирањето на еколошката култура на децата. Зависно од посветеноста на креаторите на социјалното однесување на децата и креирањето еколошка свест и култура и секако од самите деца. Како битни фактори се односите во семејството, воспитанието на децата од страна на родителите и наставниците, позитивната клима во семејството и атмосфера во училиштето, потполноста во семејството. Децата ги усвојуваат облиците на однесување во околината првично од семејството. Семејството најуспешно го пренесува културното и општествено - историско искуство на поколенијата. Потребно е одговорност и активно учество на родителите во креирањето на еколошката култура на децата уште во најрана возраст, а наставниците пак го надополнуваат основното во стручно знаење на децата. Преку воспитанието и образованието се овозможуваат лични и заеднички дострели кои водат до осмислување и усовршување на животот воопшто. Стекнувајки сеопфатни знаења се оправдува постоењето и формирањето нови вредности на еколошка култура кои ги допринесува образованието. Образованието како најсилно орудие ги покажува патиштата на прогресот, како правилно и подобро да се живее, да се зацврсти разумот и моралната и културна свест.

Во училиштата, еколошката култура иако не постои како посебен наставен предмет е застапена во воспитно образовниот процес. Преку изучување на еколошки содржини, учениците се вклучуваат во еколошки активности, секции, проекти. Се поголем акцент се става на глобалниот проблем со загадувањето на животната средина. Така се настојува да се изгради, да се подигне еколошката свест и култура кај учениците на што повисоко ниво.

Со изучувањето на еколошката култура ќе се подобри иднината и иднината на идните генерации односно генерациите кои доагаат.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Андевски, М. и Кундачина, М. (2004): Еколошко образовање. Ужице, Учитељски факултет.
[2] Andevski, M. (1999): Nove tendencije pedagogije u odnosu ekologije i pedagogije. Pedagoška stvarnost, 9–10, Novi sad, str. 733–744. Преземено на 09.01.2017г.
[3] Андевски, М. (1997): Увод у еколошко образовање. Нови Сад, Филозофски факултет Универзитета у Новом С-аду.
[4] Андевски, М. (1996): Породична социјализација и развој породичне свести. Нови Сад, Педагошка стварност, 7–8, стр. 507–519.
[5] Ацески И. (2000); Социјална екологија, Филозофски Факултет – Скопје;
[6] Кристина Афрић, (2002). Еколошка свијест – претпоставка рјешавања еколошких проблема. Еколошки поглед, vol 53 (5–6), 578–594.
[7] Кундачина, М. (1998): Чиниоци еколошког васпитања и образовање ученика. Ужице, Учитељски факултет..
[8] Ђукановић, М. (1996). Етика и животна средина. У: Екологија и етика, Београд: Еко центар.
[9] Ђукановић, М. (1996). Животна средина и одрживи развој. Београд: Елит
[10] Цифрић, И. (2006). Однос према животу – контекст биоцентричне оријентације, у: Социјална екологија 1-2, Загреб.
[11] Цифрић, И. (2002). Околиш и одржив развој. Загреб: ХСД, Завод за социологију Ф.Ф. Превземено на 10.03.2017г.